ХОТЕЛСКО-УГОСТИТЕЛСКО
АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
"ОХРИДТУРИСТ"
Бр. 02-17/5 2
17.01.2025 год.
ОХРИД

Врз основа на член 71 од Статутот на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД Одборот на директори на друштвото на седницата одржана на ден 17.01.2025 година ја донесе следната

О Д Л У К А

За свикување Годишно Собрание на акционерите на
АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД

1. Одборот на директори на друштвото свикува Годишно Собрание на акцинерите на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД на ден **18.02.2025 година (вторник)** со почеток во 12:00 часот во седиштето на друштвото на Улица Партизанска број 8 Охрид.

2. За Годишното Собранието на акцинерите на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД се предлага следниот:

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Избор на председавач и работни тела.
2. Усвојување Записник од седница на Собрание на акционери одржана на ден 04.09.2024 година.
3. Разгледување материјали и годишни извештаи и тоа: Извештај за остварени резултати завршната сметка и годишната пресметка од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ - Охрид во 2024 година, со прилози, Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО МУР СТИВЕНС - Скопје за 2024 година, Извештај на Службата за внатрешна ревизија на друштвото за 2024 година, Извештај за работа на Одборот на директори во 2024 година и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори за 2024 година и одлучување по:
   - Предлог одлука за усвојување на Извештај за остварените резултати од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ - Охрид во 2024 година;
   - Предлог одлука за усвојување на годишна сметка и резултатите од работењето на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид за 2024 година;
   - Предлог одлука за распределба на остварената добивка АД ОХРИДТУРИСТ - Охрид во 2024 година;
   - Предлог одлука за покривање на пренесените загуби во АД ОХРИДТУРИСТ – Охрид
   - Предлог одлука за усвојување на Извештај од извршена контрола на ревизорска куќа ДОО МУР СТИВЕНС - Скопје за 2024 година;
   - Предлог одлука за усвојување на Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2024 година;
   - Предлог одлука за усвојување на Извештај за работа на Одборот на директори во 2024 година и одобрување работата на членовите на Одборот на директори на друштвото за 2024 година.

4. Избор на ревизорска куќа за ревизија на годишниот извештај и годишната пресметка на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД за 2025 година.
5. Одлука за отповикување на Одлуката бр.02-119/9 од 04.09.2024 година за одобрување на Извештајот од Мур Стивенс ДОО Скопје бр.0307/75 од 28.06.2024 година донесена на Собрание на Акционери на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид на ден 04.09.2024 година

6. Одлука за отповикување на Одлуката бр.02-119/11 од 04.09.2024 година за отпочнување постапка за продажба на Хотел Десарет во Охрид донесена од Собрание на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид од 04.09.2024 година

7. Донесување на Одлука за објавување на оглас за прибирање на понуди за продажба на објектите Компекс Летница во Охрид , Објект,, Ориент,, во Охрид и Хотел Десарет во Охрид

3. За свикување на Годишното Собрание на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД да се подготви Јавен Повик за свикување и објавување во еден од дневните весници на територијата на Република Северна Македонија, како и по секоја од точките од дневниот ред утврдени со оваа одлука да се подготват предлог одлуки за донесување и усвојување од Годишното Собранието на акционерите на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД.

4. Составен дел на оваа одлука се текст Јавен Повик за свикување на Годишно Собрание на акционерите на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД и текст на предлог Одлуки по точките од дневниот ред за донесување на Годишното Собранието на акционерите на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД.

5. Одлуката влегува на сила веднаш со донесувањето.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ
Борче Илиоски